ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0201-10396/5
Дата, Data 12. 08. 2014
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација -Скопје, Управниот Одбор на ЈП Водовод и канализација -Скопје на својата единаесетта седница, одржана на ден 12.08.2014 година донесе

**УПАТСТВО**
**за работа на комисија за спорни сметки**

Комисијата има за задача да ги решава поднесените барања од корисниците на ЈП Водовод и канализација-Скопје што се однесуваат на спорни сметки со специфични ситуации кои излегуваат надвор од редовното работење на Наплатна Служба.

За спорни сметки се сметаат оние кои поради својата тежина излегуваат надвор од надлежноста на Службата за наплата-домаќинство и Служба за наплата од стопанство. Доколку предмет на барањето не е специфичен или спорен случај (дефект и слично), по барањето се должни да постапат соодветните Служби особено во делот доколку постои основа за сторнирање.

Комисијата за спорни сметки ке ги разгледува и решава САМО случаите доколку се работи за специфичен и спорен случај и тоа:

- Сметки настанати поради дефект на водоводната инсталација на корисникот
- Големи сметки настанати целосно или делумно поради грешките направени од страна службите на претпријатието
- Сметки настанати поради нередовно читање на водомерите
- Сметки настанати поради несоодветно пресметување на просекот по закочен водомер
- Корекција на сметки за потрошена вода по цена без канализација
- Категорија на корисници на постојана парична помош

Во својата работа комисијата е должна да се придржува кон следните правила:

1. **Сметки настанати поради дефект на водоводната инсталација**.

Службата за наплата од стопанство и домакинство, одделение за домакинство и службата за финансии се должни да извршат контрола прво дали дефектот е саниран.

За сметка настаната поради дефект претходно утврден од горенаведените служби по извршената контрола, комисијата има право да одобри најмногу до 50% од вкупниот износ на спорната сметка

2. **Големи сметки настанати целосно или делумно поради грешки од технички карактер направени од страна на службите на претпријатието.**

Барањето треба да биде поткрепено со документ (потврда од Дежурно информативниот центар или од пунктот од соодветниот реон кој го санирал дефектот). Доколку подносителот на барањето нема поднесено ваков документ, документот треба да го обезбедат Службата за наплата-домаќинство и Служба за наплата од стопанство. Во ваков случај дежурно информативниот центар или пунктот се должни да ја достават бараната потврда до службите.

3. **Сметки настанати поради нередовно читање на водомерите** (тука не спаѓаат сметките каде по вина на корисникот не е извршено редовно читање)

- Сметка од 100 до 500m³ може да се одобри 20%
- Сметка од 501 до 900m³ може да се одобри 30%
- Сметка од 901 до 1200m³ може да се одобри 40%
- Сметка над 1200m³ може да се одобри 50%

Во одредени специфични ситуации во кои не е читано редовно и е пишуван несоодветен паушал комисијата има за право да одлучи да ја сторнира состојбата и корисникот да го задолжи по предходен просек.

4. **Сметки настанати поради несоодветно пресметување на просекот по закочен водомер.**

Доколку странката го спори утврдениот просек за наплата, комисијата може да одобри корекција по предходен просек или се одлучува за нов просек адекватен на потрошувачката на корисникот.

5. **Корекција на сметки за потрошена вода по цена без канализација**

За барањата од корисници со кои се бара да се корегираат сметки за потрошена вода по цена без канализација, комисијата може да одобри ваква корекција само доколку сметките не се платени. Кон барањето подносителот задолжително треба да достави потврда од пунктот од соодветниот реон на кој се наоѓа објектот дека истиот не е приклучен на јавната канализациона мрежа.

6. **Категорија на корисници на постојана парична помош**

За корисниците на постојана парична помош кои навремено не донеле потврда од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи дека се корисници на постојана парична помош, Комисијата може да одобри корекција на сметките согласно одлуката за ослободување од плаќање на дел од потрошената вода на корисници кои примаат постојана парична помош донесена од Управниот одбор на претпријатието, само доколку сметките не се платени.

*Поднесените барања до комисија за спорни сметки пред да се достават до комисијата на разгледување и одлучување, Службата за наплата-домаќинство и Служба за наплата од стопанство се должни во рок не подолг од 15 дена да ги прибават сите релевантни податоци и докази кои можат да влијаат за донесување на одлука од страна на комисијата и така комплетираниот предмет да го достават до комисија на разгледување и одлучување.*

*Согласно заклучокот од Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација-Скопје, барањата за ослободување од камата не се надлежност на Комисијата за спорни сметки и треба да се доставуваат директно до УО.*

.

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,
Драги Тодосовски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ * NDËRMARRJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА * UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ
SHKUP